Биро за развој на образованието
Арх. бр. 08-887/1 од 15.4.2022 год.

Наставна програма за слободен изборен предмет на ООУ„Христо Узунов” - Охрид

# Слободен изборен предмет:**ТАНЦИ И НАРОДНИ ОРА**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје : **Уметничко изразување и култура (VIII)**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности) |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку визуелните уметности, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост (IV), Личен и социјален развој (V), Општество и демократска култура (VI) и Техника, технологија и претприемништво (VII).**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А. 7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1.** *ТАНЦИ (10 часа)*

***Знаења/вештини:***

Ученикот/ ученичката

- Се запознава со танцот како игра, движење;
- Ги запознава видивите историски танци;
- Ги запознава видивите современи танци;
- Ги запознава уметничките танци;
- Умее да постигне координација,чуство за ритам,одржување рамнотежа и способност за комбинирани движења
- Знае да демонстрира правилна играчка изведба на танцот
- Визуелно и слушно ги препознава танците
- Пројавува инвентивност и креативност во изведбата на танците
- Изразува самодоверба при танцовите игри

***Ставови/вредности:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Смета дека треба да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе
- Разбира дека треба да се грижи за сопственият и училишниот прибор за работа
- Свесност за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| 1. Поим и појава на танцови активности (Танцови активности ) (број на часови: 2) | • Учениците разговараат, дебатираатистражуваат на интернет, следат стручна литература за поимот танцова активност во парови или групи. Ги споредуваат материјалите што ги истражиле.<br>• Селектираат материјали за постер. Учениците поделени во групи изработуваат постер или презентација на настанокот на танцовите активности и ги презентираат, |
| 2. Да се запознае со видовите танци (Пантомима, народен,историски танц, уметнички танц ) (број на часови: 2) | • Работилници за покажување различни емотивни состојби преку пантомима; учениците се делат во две групи, една група покажува пантомима, друга група погодува што се претставува со таа пантомима.<br>• Дефинирање и разговарање за поимите народен, историски и уметнички танц и работилници со видео снимки за разликување народен, историски и уметнички танц; |
| 3.Да се запознае со видовите танци:<br><br>4.Историски танци: полка, мазурка, менует); 2 часа<br><br>5.Латино(популарно наречени класични)танци; (танго, ча-ча-ча, румба, самба, валс и др) број на часови. 3часа | • Видови историски танци (фотографии, снимки); Презентација на видови танци; Учениците следат видеопрезентација со различни видови танци. https://youtu.be/LG9M5RpohFQ, https://youtu.be/tR3oOmvx5ew , https://youtu.be/6fa2wZEsRWM – историски танци.Се разговара за настанокот на видовите танци и за времето во кое се настанати. Се истражува и дискутира за земјите од каде потекнуваат и се играат Латино танци: https://youtu.be/LiiXg9cNajg .<br><br>• Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори на валцер според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце. Се демонстрира танцот и со музика. https://www.youtube.com/watch?v=NBKTN6c_MEQ |

| | |
|---|---|
| 6. Да се запознае со видовите современи танци (рок, твист, хип-хоп) 2часа | • Видови современи танци (фотографии, снимки);Презентација на видови танци; Учениците следат видеопрезентација со различни видови танци. Се разговара за настанокот на видовите танци и за современоста, каде и како се настанати.<br>• Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори и движења на хип-хоп според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце, тропање на клупа и сл. Се демонстрира танцот и со музика. https://www.youtube.com/watch?v=um2YczwLG68 |
| 7. Да се запознае со видовите уметнички танци (класичен балет, модерен балет) (број на часови: 2) | • Видови уметнички танци (фотографии, снимки); Презентација на видови танци; Слушање и гледање класичен балет; https://www.youtube.com/watch?v=gP132E-xABg<br>• Посета на балетска претстава (гледање балетска претстава на youtube) https://www.youtube.com/watch?v=eRY3T9ResDA |

| |
|---|
| **Тема 2.** *КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРОДНИТЕ ОРА ( 10 часа)* |
| ***Знаења/вештини:*** |
| • Ги воочува и препознава основните карактеристики на народните ора;нивната намена,<br>• Ги воочува и препознава карактерот и содржината на ората,класификацијата и правилната изведба<br>• Визуелно и слушно ги препознава народните ора и ги именува<br>• Умее вербално да се изразува за конкретно оро |
| ***Ставови/вредности:*** |

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Смета дека треба да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе
- Разбира дека треба да се грижи за сопствениот и училишниот прибор за работа

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| --- | --- |
| 1. Брзи –бавни ора<br>(брзи ора,бавни ора)<br>број на часови: 3 | • Аудиовизуелна презентација на брзи и бавни ора. Учениците следат видео со брзо и со бавно оро. Се дискутира за разликата во движењата и за впечатоците.<br>• Работилница за совладување по еден модел на бавно оро (пр. невестинско оро https://www.youtube.com/watch?v=wMRVXSZ8wnE -чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на едно оро без музика. Се демонстрираат чекори и движења според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце, тропање на клупа и сл. Се демонстрира орото и со музика.<br>• Работилница за совладување по еден модел на брзо оро ( Ситно оро https://www.youtube.com/watch?v=7lCElpyuPc0 -чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на едно оро без музика. Се демонстрираат чекори и движења според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце, тропање на клупа и сл. Се демонстрира орото и со музика. |
| 2. Форма на ората<br>(Кружна форма, индивидуална игра, игра во парови и комбинирана)<br>Број на часови: 3 | • Аудиовизуелна презентација за формите на ората. Учениците следат слики и видео материјал за кружната форма на ората, индивидуална форма и во парови.<br>• Работилница за совладување по еден модел кружна форма. Учениците играат оро.<br>• Работилница за совладување на индивидуална игра и во парови.<br>Работилница за совладување на комбинирана форма на оро. |
| 3. Карактеристики на играорните подрачја во Македонија –различни етнички заедници<br><br>(Македонско оро, албанско оро, турско оро, ромско оро.)<br><br>Број на часови 4 | • Аудиовизуелна презентација Македонија –ора на различни етнички заедници; Учениците ја следат презентацијата и дискутираат за сличностите и разликите на ората.<br>• Работилница за совладување на еден модел на танц македонско оро, албанско оро, турско оро, ромско оро. (чекори) Се воочуваат сличностите во чекорите и движењата.<br>• Работилница за совладување на албанско оро (чекори) https://www.youtube.com/watch?v=8PJJxoQnSKc<br>• Работилница за собладување турско и ромско оро (чекори) https://www.youtube.com/watch?v=LgQju-8rHkU |

**Тема 3.** ОБРЕДНИ ОРА (16часа )

***Знаења/вештини:***

- Ги воочува и препознава основните карактеристики на обредните ора;
- Правилно ги изведува демонстрираните ора.
- Правилно гласовно да ги интерпретира обредните песни.
- Ги воочува и препознава карактерот и содржината на обредните обичаи.
- Визуелно и аудитивно да ги препознава обредните игри и точно да ги именува
- Појавува инвентивност и креативност при изведбата
- Вербално опишува за потеклото,намената и начинот на играње за конкретно оро
- Покажува интерес и способност за учество на јавен настап

***Ставови/вредности:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Смета дека треба да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе
- Разбира дека треба да се грижи за сопствениот и училишниот прибор за работа

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| 1.Поделба на обредните ора<br>(Женски поворки лазарки, водичарки, додоле и др.)<br>Број на часови 4. | • Истражување и собирање етнографски материјал; учениците се делат цво групи. Секоја група има конкретна задача да истражува одреден обреди (лазарски, водичарски, додоле). Истражувањата ќе бидат преку разговори со возрасни лица, фотографии, интернет.<br>• Формирање на музичко(етнолошко) катче; Собраните материјали се селектираат и се уредува музичко-етнолошко катче.<br>• Совладување на обредите; учениците поделени во групи совладуваат по еден обред.<br>• Совладување на обредите; учениците поделени во групи совладуваат по еден обред.<br>• Организирање настап/ јавен час. Се настапува пред ученици од другите паралелки во салата за приредби. |
| 2.Машки поворки<br>(русалии, игри под маски и др.)<br>Број на часови 4. | • Истражување и собирање етнографски материјал; учениците се делат цво групи. Секоја група има конкретна задача да истражува одреден обреди (русалии, игри под маски, водичарски обичаи ). Истражувањата ќе бидат преку разговори со возрасни лица, фотографии, интернет.<br>• Формирање на музичко(етнолошко) катче; Собраните материјали се селектираат и се уредува музичко-етнолошко катче.<br>• Совладување на обредите; учениците поделени во групи совладуваат по еден обред.<br>• Совладување на обредите; учениците поделени во групи совладуваат по еден обред.<br>• Организирање настап/ јавен час. Се настапува пред ученици од другите паралелки во салата за приредби. |
| 1. Свадбен циклус<br>(Свекрвино, зетовско, невестинско и други ора и обичаи. )<br>Број на часови 5. | • Истражување и собирање етнографски материјал; учениците се делат цво групи. Секоја група има конкретна задача да истражува одреден обреди (подготовки кај зетот, подготовки кај невестат, обичаи за следниот ден по свадбата). Истражувањата ќе бидат преку разговори со возрасни лица, фотографии, интернет.<br>• Поделба на улоги и составување на сценарио за настап. Учениците одбираат зет, нев еста, свекор, свекрва, бајрактар и други улоги според обичаите.<br>• Совладување на улогите; учениците поделени во групи совладуваат по еден |

| | |
|---|---|
| | дел од свадбата.<br>• Совладување на улогите; учениците поде лени во групи совладуваат по еден дел од свадбата .<br>• Организирање настап/ јавен час. Се настапува пред ученици од другите паралелки во салата за приредби. |